45293

162, 12,

МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС • ВТОРНИК 30 МАРТ 1999

## МАКЕДОНИЈА И ВЕНЕЦИЈАНСКОТО БИЕНАЛЕ

# Нова варијанта на понудениот проект

Учеството на проектот „Крајот на векот„ на скулпторот Петар Хаџи Бошков на 48 - то Венецијанското биенале, деновиве, ќе ја добие својата разрешница. Во текот на минатата недела, со објавувањето на предлог - буџетот за оваа година, кој е изразито рестриктивен во однос на културата, учеството на овој проект на реномираната венецијанска манифестација е ставено под прашање.

Како што дознаваме, на крајот на минатата недела, авторот на проектот и министерот за култура Димитар Димитров имале средба, на која се разговарало за можна, нова варијанта на проектот што нема да го оптоварува буџетот. Авторот Хаџи Бошков не сака да навлегува во елаборација на новата варијанта, навестувајќи дека нема промени во идејата на проектот, туку повеќе во неговата реализација.

„Претпоставувам дека Министерството ќе има разбирање и очекувам деновиве да добијам одговор за понудената нова варијанта. Сметам дека во овие услови, презентацијата на Македонија на Венецијанското биенале ќе биде од особена важност, уште повеќе што поради актуелните случувања темата на проектот станува уште поинтересна„

Според првобитната варијанта на проектот „Крајот на векот„ тој е сочинет од огромна купола, изградена од алуминиумска конструкција, обложена со плексиглас, во чија внатрешност е инсталирана скулптура. Врз внатрешната површина на полутопката треба да се проектира видео - арт, чии подвижни слики реферираат на Сикстинската капела или на византиската сликарска традиција. Во видео - иконографијата треба да бидат содржани сублимираните искуства на авторот, поврзани со глобалните уметнички и политички настани на 20 век, но и неговите лични дилеми, насочени кон круцијалниот творечки проблем, како што е проблемот од пасивноста на материјата да се предизвика нејзината активна духовност. **Ј.Ф.**


„Во центарот", Петар Хаџи Бошков